**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Ss. Cyril and Methodius University in Skopje**

Бр. 02 - 553/___
9.5.2023 година
Скопје

Врз основа на член 179 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетската изборна комисија, на 9.5.2023 година донесе

**РЕШЕНИЕ**

Се усвојуваат Приговорот бр. 02-553/12 од 5.5.2023 година поднесен од кандидатот за ректор проф. д-р Горан Ајдински и Приговорот бр. 02-553/15 од 8.5.2023 година поднесен од кандидатот за ректор проф. д-р Димитар Ташковски.

Решението за утврдување на ЛИСТА НА КАНДИДАТИ за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година бр. 02 - 553/9 од 3.5.2023 година се поништува и се донесува следнава:

**КОНЕЧНА ЛИСТА НА КАНДИДАТИ ЗА РЕКТОР**

на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година:

(*по азбучен ред на презимето на кандидатот*)

1. **Ајдински, проф. д-р Горан,** од Филозофскиот факултет во Скопје;
2. **Ангелова, проф. д-р Биљана,** од Економскиот институт во Скопје;
3. **Дуев, проф. д-р Ратко** од Филозофскиот факултет во Скопје;
4. **Кочов, проф. д-р Атанас,** од Машинскиот факултет во Скопје;
5. **Спасевска, проф. д-р Христина** од Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје;
6. **Ташковски, проф. д-р Димитар** од Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во утврдениот рок, двајца кандидати за ректор поднесоа приговори на Решението за утврдување на ЛИСТА НА КАНДИДАТИ за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година бр. 02 - 553/9 од 3.5.2023 година, кои се однесуваат на редоследот по азбучен ред на презимето на кандидатите 1 и 2.

Проф. д-р Горан Ајдински поднесе Приговор бр. 02-553/12 од 5.5.2023 година и проф. д-р Димитар Ташковски поднесе Приговор бр. 02-553/15 од 8.5.2023 година. Истовремено од кандидатот за ректор проф. д-р Биљана Ангелова е доставено Известување бр. 02-553/13 од 5.5.2023 година за истата воочена техничка грешка при утврдување на редните броеви 1 и 2 на кандидатите.

Комисијата констатира дека се работи за очигледна техничка грешка во предметното Решение, која е настаната кај двајцата кандидати со реден број 1 и 2, со иста почетна буква на презимето, за кои редоследот треба да продолжи според втората буква и одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Претседател на УИК**
**Проф. д-р Родна Живковска**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

***Правна поука:*** *Ова Решение е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.*